





**Четириесет години љубов кон уметноста на Власта Делимар**

**Ретроспективна изложба на Власта Делимар**

**Кураторка: Ивана Васева**

**3 декември 2020 година (четврток), плоштад Македонија**
**12 часот**

**Продукција: Факултет за работи што не се учат – ФР~У**
**Поддржано од Министерство за култура на Република Северна Македонија**

*„Јас, Власта Делимар, ќерка на јажар, не поддржувам идентификација со или припадност на која било идеологија, религија, политичка партија или држава. Не поддржувам награди. Се залагам за човекови права, слобода на индивидуата, почитување на различностите и еколошка свест“*[1].

*МАНИФЕСТ*
*Голо тело – Елементарно тело*
*Елементарно тело – егзистенцијално тело,* body art *(физичко, мислечко, сексуално)*
*Егзистенцијално тело – еротика (симболизирана сексуалност)*
*Сексуалност (биолошка и психолошка манифестација на телесна блискост*
*Еротика и сексуалност – најсилна телесна сензација*
*Најсилна телесна сензација – најмоќна форма на постоењето*
*Најмоќна форма на постоењето – Ослободена личност*
*Ослободена личност – самосвесна личност*
*Самосвесна личност – можна провокација*

[1] Vlasta Delimar: To sam ja, katalog, Muzej suvremene umjetnosti, Zagreb, 2014

Ако за документацијата на живата уметност или зачувувањето на живата уметничка присутност во историјата е дискутирано екстензивно, посебно имајќи го предвид нејзиниот отпор кон репрезентативна медијација, тогаш како може да се направи ретроспектива на едно перформативно искушување кое се случувало 40 години, а за кое се знае најмногу по неговата документација? И дали архивата на истото тоа искушување не му ја одзело неговата радикалност и суровост? Дали фотографијата, текстот, видеото, филмот, документот или усното прераскажување како документација дозволува да се искуси оваа уметничка пракса во нејзината целовитост, наместо неможноста да се проследи во живо, или едноставно е неможно да се зборува за неа без уметниковото присуство? Теоретичарката и историчарка на уметност Амелија Џонс, вели дека ниту документацијата, ниту настанот „во живо“ нема привилегирана врска со историската „вистина“ на перформансот. Таа вели: „додека живата ситуација може да ги овозможи феноменолошките релации на ангажираност тело со тело, документарната размена (гледач/читач – документ) е исто така интерсубјективна“[2]. Од друга страна пак, интересот за минати настани или архивската ургентност која е актуелна во последните години, според Џонс е еден од најважните политички гестови во свет воден од идност и заборавање. Истражувањата на настаните од минатото и начините на нивното зачувување ја пројави и формата телото како архива или реенактментите (реизведбите кои според Андре Лепеки се како „жива архива“. Тој вели дека преку процесот на продукција на реенакменти, се активира креативниот потенцијал на ‘телото како архива’ и оргиналниот перформанс како документ.

[2] Amelia Jones, "Presence" in Absentia: Experiencing Performance as Documentation https://www.academia.edu/3336410/Presence_in_absentia_Experiencing_Performance_as_Documentation

Односно, дека реенактемнтот или „волјата за архивирање“ не е директен превод или копија на изворниот материјал, туку станува збор за критичка, саморефлексивна интерпретација со која се открива иманентното поле на креативност на делото[3].

Идејата на оваа ретроспективна изложба во Скопје по повод четириесет години творештво на една од најпознатите хрватски уметнички со меѓународна репутација, Власта Делимар, е да се изведе еден реенакмент или еден обид на читање на нејзиното творештво од деколонијална перспектива, токму преку документацијата за нејзините дела во отсуство на нејзиното памтечко тело. Дали можеме да ги увидиме кодовите и да ги однаучиме широко прифатените знаења? Овој ангажман е да се види колку западниот канон на уметноста и неговата хиерархиска политичка поставеност влијаеле на нејзиното творештво, но и на нашите перцепции за нив. Исто така и колку нејзината субверзивност произвела друг однос кон нашите тела? Дали нашите тела успеваме да ги однаучиме или ослободиме од нормирачките хетеро–патријархални струи и малограѓанскиот морал? Марко Стаменковиќ, куратор, вели дека Власта Делимар е рефлексија на нејзината деколонијална *Друга* или: „Соблеченото тело на Власта Делимар е пан-афричко тело, ниту машко ниту женско, туку човечко. Ова тело нè повикува да го соблечеме гол нашиот колонизиран поглед од насилниот „нормативен“, сосила наметнат, наводно единствен, рационален и универзален поглед на светот и ја повикува нашата свесност да го вратиме нашето единствено, елементарно машко/женско тело во неговата природна состојба: ослободена и деколонизирана од паневропска, панхристијанска, бело-насочена, расистичка, шовинистичка, капиталистичка, империјалистичка матрица на моќ“[4] .

Власта Делимар е можеби најпрепознатлива по своите перформативни претставувања за кои вели дека телото, како едно од нејзините најупотребувани изразни средства, го гледа како жива скулптура, но во својот богат опус има и фотографии, фотоколажи, видеа и инсталации, а 10 години го организира и меѓународниот фестивал за перформанс во Штаглинец. Таа е блиска со експерименталната Група Шесторица (Младен Стилиновиќ, Свен Стилиновиќ, Федор Вучемиловиќ, Борис Демур, Владо Мартек и Жељко Јерман), а била и блиска пријателка на Том Готовац и е „женски двојник на неговиот егзибиционизам“[5]. Нејзината пракса се вцврстува во еден поширок југословенски уметнички контекст на бујно уметничко поставантгардно творечко експериментирање во концептуалното, како Група ОХО, Група Бош + Бош, Група КОД, Група 143, Горгона, Група Шесторица, Каталин Ладик, Раша Теодосијевиќ, или пак Априлските средби во СКЦ или настаните во Ателје 212...а нејзиното творештво се совпаѓа со почетоците на 80-тите години кога кај нас делуваат Милош Коџоман и Драгољуб Бежан, или пак започнува да делува Групата Зеро со експерименти во сличниот манир.

Изложбата „Четириесет години љубов кон уметноста на Власта Делимар“ во Скопје би се манифестирала преку архива на нејзини минати дела, како и понуда од реизведби на перформанси од самата авторка, во обид да се извлече архивата на времето во нејзиното тело или што точно нејзиното тело памети. Реенакментите или

[3] André Lepecki, “The Body as Archive: Will to Re -Enact and the Afterlives of Dances,” Dance Research Journal 2 (2010): 28

[4]Marko Stamenkovic, Vlasta Delimar Put Your Faith in Women, Galerie Michaela Stock (2017)

[5] Amy Bryzgel, Performance art in Eastern Europe since 1960, Manchester University Press (2017):129

реизведувањето на идеите преку нејзиното тело нема за цел да ги повтори работите онака како што биле, туку критички да се пристапи кон нив - колку тие се промениле, дали биле доволно критички и јасни и дали токму таквата субверзија била „најправилниот“ пристап во овој свет преполн со манипулации.

Но во овој сегашен момент се соочуваме не само со тоа како да се „предаде“ перформансот од минатото туку и  флуидниот, ранлив и минлив карактер на самиот перформанс - дали во форма на реенактмент од самиот автор, како жива архива или како документација, се соочува со уште посериозен удар, а тоа е токму неговата изведба. Како да се изведе кога владее пандемија на коронавирус?Ангажирањето на тела во специфичен простор, време и начин стана ризична мисија, како впрочем и целото восприемање на уметноста и културата. Но се чини дека творештвото на една од најпознатите перформанс уметнички во Хрватска и пошироко, Власта Делимар, во овој меѓупериод, може да нè поттикне да размислуваме за работите - онака како што биле и како ќе бидат - и за тоа во каков свет живееме и каков свет посакуваме. Пандемијата нè соочи со уште едно нешто – сигурноста на домот на уметноста кој уште повеќе ја засилува автономијата на уметноста во нејзината најбуквална варијанта и доколку остане само таму, таа може да биде каква што сака, да биде сè - додека се наоѓа во својот дом. А уметноста на Власта Делимар не може да биде таква.

Таа не може да се конформира, особено затоа што постојано нè потсетува на неконформноста со секојдневниот шовинизам и сексизам, на неподлегнувањето на притисокот од нормирањето, од општествено наметнатите конвенции за женската сексуалност, сексуалниот идентитет и родовата рамноправност, на патријархалното општество и малограѓанскиот морал, на нескротувањето на уметниковата идеја сè додека трае ова, но и на човечноста, искреноста и веродостојноста. И на тоа таа постојано и неуморно нè потсетува, со присуството на нејзиното тело, како што нè потсетувала од почетоците на својата кариера, како што забележува и Розали Голдберг во своите еротизирани настани  како „Свадбата“, која ја истражувала сексистичката идеологија и ја вклучува во својата позната книга[6].

А присуството на нејзиното голо, природно,егзистенцијално, немирно, неразубавено и непоколебливо тело го потенцира неговото отсуство во земјава, но и постојано го потенцира отсуството на знаење за прифаќање на различноста, отуството на сфаќање за другиот, па и за себе си, етикетирањето, неискрената врска со себе и скриените и потиснати предрасуди. Делимар е бескомпромисна во она што го прави и во текот на сите 40 години. Останала доследна и не потпаднала под никакви трендови. Во целата општествена промена, таа е единствената константа – „за неа времињата не се менуваат.“ „Во некоја смисла може да се каже дека целокупниот опус на Власта Делимар е голем проект на (само)спознавање; деконструктивни (конструирачки) провокации на општествениот идентитет, структури и институции и нарушување на комфорноста која во вообичаени околности од нив и произглегува“[7].

Оваа нејзина изложба си игра со присуството и отуството. Со еден критички начин на кој функционирала сцената со својот институционализиран модернизам кој не се занимавал суштински со себекритика и преиспитување на својот самоколонијален или автоколонијален став од западните центри на моќ, а од друга страна и со она што таа треба да нè потсети – дека телото памети и не се откажува од својата борба за слободата на изразувањето во која било форма.

---

[6] RoseLee Goldberg, Performance Art From Futurism to the Present, Thames&Hudson world of art (2001):214

[7] Tomislav Cop, ‘Nagost Vlastitosti’, Vlasta Delimar Pokusaj Poistovecenja (2019)

Изложбата „Четириесет години љубов кон уметноста на Власта Делимар“ вклучува три видео перформанси: „Прошетка како Лејди Година“, „Двајца мажи и една жена” и видео перформансот специјално подготвен за оваа изложба и насловен „Копнеж за Македонија“, кои ќе бидат прикажани на голем видео екран на плоштад Македонија. Овој видео екран е истовремено и изложбен простор кој може да биде и „бела“ но и „црна“ коцка и во овој случај е единствено место каде се случува ретроспективата на Делимар.

Видеата, како нецелосна варијанта на архивирањето на уметничките дела на Власта Делимар или како нецелосно ехо на нејзината жива уметност, во неможност да се вклучат потенцијалните живи архивари на нејзините практики, или пак нејзината присутност, поради ограничувањата наметнати од незапирливата пандемија, се прикажуваат на најфреквентното место во градот, во сличен контекст во кој се изведувани и делата кои ги претставуваат. Нејзиното толку силно присутно тело не може да се претстави со изложување во галериски простор, туку мора да биде претставено онака како што било и конципирано, на јавен простор како еден вид на бунт против институционализираната моќ и како бунт против тешко совладливите партријархални догми. Иако сепак пренесено во форма на видеа но во центарот на Скопје.

„Прошетка како Лејди Година“ (2001година) е перформанс замислен да биде изведен на јавен простор, на најфреквентни градски улици и во период од денот кога има најголема раздвиженост. Тој бил замислен како спектакл, кон што допринела и ликовната поетика од бел коњ, жена на коњ без облека со црна ружа во устата која полека поминува низ урбаната, градска врева. Целта на овој перформанс, што се изведува во негалериски простор, е обраќање кон сите случајни минувачи. Според легендата, Лејди Година се обидела со својот чин да ги спаси граѓаните од ново покачување на данокот, а Власта Делимар како Лејди Година укажува на културната катастрофа која се случувала во Хрватска за време на војната за независност и по војната. Власта вели: „Секако дека реакциите на публиката беа очекувано негативни. Бидејќи ако укажав на културната катастрофа и исчезнувањето на културната сцена, реакциите на случајната публика можеа да бидат само негативни, односно „неразумни“. Помалку важно беше она што го говореше галериската публика и струка. Кога го осмислував перформансот ми се чинеше дека сме на самиот почеток на описменување на населението, како по Втората светска војна, и дека мораме овој народ повторно да го учиме да чита и да пишува. Легендата за Лејди Година говори и за нејзините едукативни акции што ги работела со граѓаните. Психологијата на луѓето може да биде многу едноставна, а тоа значи: обрати се секому посебно и може да се случи и да успее да те разбере.“

Во перформансот„ Двајца мажи и една жена“ (2009 година) учествуваат Власта Делимар, Антонио Готовац Лауер[8] и Милан Божиќ. Перформансот се случува на урбаната улица „Илица“. Идејата е да се „изгуби“ разликата помеѓу уметникот, публиката и случајните минувачи и да се преобрази утилитарниот простор на улицата во уметнички простор. „Тука ги споивме сите свои дотогашни искуства на зрели уметници кои се познаваат преку својата уметност и испреплетеност на животот и се спротивставуваат на сите идеологии, на разните политички преобразби на општеството, за да ја сочуваат индивидуалноста и бескрајната храброст и неуморното укажување на човековите права и на почитувањето на различностите и да укажат на вистинските вредности на една човекова егзистенција. Вклучувањето на трета личност има силен емоционален набој што укажува на значењето на праисконската човекова блискост низ која се насира

[8] Том Готовац, во последните години од неговото творештво, во чест на неговата мајка Елизабета Бешка Лауер, го менува своето име во Антонио Готовац Лауер.

чувството на здравото колективно“, вели Делимар. Тука се прикажува во форма на видео кое било изработено за перформансот.

Видео перформансот или фотовидео инсталацијата„Копнеж за Македонија“ е специјално подготвен за оваа изложба и претставува колаж од фотографии и видео инсерти кои како музичка подлога ја имаат песната „Македонија“ на Дадо Топиќ. Она што е специфично за делата на Власта е што документацијата е истовремено и уметничко дело, фотографиите не се само фотографии од перформанси и акции туку и самите се уметнички дела кои добиваат призвук во зависност од контекстот во кој се претставуваат. Новото дело е инспирирано и од посетата на Власта на земјава кога истражуваше за проектот, во ноември 2019 година, со нејзниот престој во Титовата вила на Водно и на некој начин ја заокружува целината на 40-годишната работа. „Преку делото „Ова бев јас во 1980 година кога умре другарот Тито“ како почеток на моето формирање како уметничка во времето на екс-Југославија се преклопи одбележувањето токму во луксузниот простор на Титовата вила во кој живеев сама и со звуците на отчукувањата на часовникот што го пронајдов во кујната ја проживував сопствената историја. Токму овде, во Титовата вила, беше посебно возбудливо по четириесет години повторно да се спознае важноста на оптимизмот како креативна сила која е покренувач на нашата егзистенција и токму овде ми се причини како преку песната на Дадо Топиќ да се отвора широк простор на нашите слободи, на нашите посебности и дека најмалите меѓу нас имаат своја креација и свое незаменливо место. 1980 година, кога умре другарот Тито, беше година на „страв“ и „неизвесност“ на Југославија, но тоа не влијаеше на мојата уметничка егзистенција иако мојата работа на некој начин беше загрозена поради стравот на државната бирократија. Затоа и песната вели „таму каде сонцето вечно свети“...кое нам во овој момент ни е потребно повеќе од било кога,“ вели Власта.

Врската на Власта Делимар со институцијата на уметноста во Македонија речиси и да не постои во некоја физичка смисла. Таа никогаш, во својата 40-годишна кариера, не изложувала во земјава. Ниту една институција не ја поканила да изложува иако нејзината субверзивна практика наоѓала свој одзив секаде.Оваа изложба е прво нејзино компресивно претставување во земјава, освен нејзината изведба на перформансот „Cycle Erszebet Barthory” на АКТО 6 Фестивалот за современи умтности во Битола во 2011 година. Во рамките кога се означуваат местата каде што таа изложувала и имала врски, тука и да не постои сеќавањето за неа. Можеби и затоа што тука има слаб одзив во перформативно изразување и во самата историја на уметноста, како и во однос на смели и субверзивни претставувања на телото.

Но постои нешто што е интимно за неа, а тоа е копнежот, посакувањето или како што за неа секогаш бил Дадо Топиќ со неговиот стих за земјава „таму каде сонцето вечно свети“...- што според неа е песна за слободата, како што отсекогаш била и нејзината претстава за Македонија. Токму затоа е и создадено новото дело насловено „Копнеж за Македонија“.

Нејзините дела се силни гестуални потези кои во меѓупросторот на времето, од еден перформанс до друг или од една активност до друга, притискаат за размислување и за себепреиспитување. Сопствената симболика која ја користи за да изгради пероформативна атмосфера ја препознава секој и е многу важно што изгенерирале нејзините активности низ времето.

И сега, дали е доволно ова претставување?

Корона кризата оневозможи да видиме во живо она што сме го пропуштиле сиве овие години. Без разлика на причините.

Се надеваме дека петтата деценија од нејзиното творештво ќе ја отпочнеме токму тука.





Инспирација за делото „Копнеж за Македонија“

## ИНТЕРВЈУ СО ВЛАСТА ДЕЛИМАР

Ивана Васева

**1. Годинава се одбележува еден важен јубилеј – 40 години творештво на една од најзначајните перформанс-уметници во Хрватска и пошироко – Власта Делимар. Тој коинцидира со друг јубилеј, т.е. 15 години АКТО Фестивал за современи уметности, а овие две работи се поврзани со гостувањето на Власта на АКТО 6 во 2011 година со перформансот „CYCLE: ERSZEBET BATHORY“, што воедно е и нејзино прво гостување во земјава.**

**Власта, од делото „Еби ме“ (1981) или асамблажот „Сакам кур“, делата „Еве ти кур, еве ти пичка“ или „Ебеш женско достоинство“, па сè до делото „Принчек“ со Милан Божиќ, каде што демонстрираш сексуален однос, „Dyspareunia, фригидност“ или најновите дела перформанси „Право на оргазам над 60“, твојот перформативен речник зборува за провоцирањето и уривањето на општествените конвенции и репрезентации за телесноста, сексуалноста, женственоста и женското, слободата и правото на сопствен начин на живот.**

**Колку слободата е извојувана во овие 40 години?**

За сопствената слобода, секој е одговорен сам за себе. Јас се борев за својата слобода, и тоа на сите фронтови, од секојдневниот живот, па сè до уметничката слобода, што подразбира однос со институциите на моќта, во кои спаѓаат музеите и галериите, кустосите, критичарите, медиумите... Во овие 40 години се обидов да ги живеам своите уметнички одлуки, со колку што е можно помалку компромиси и тоа, главно, ми успеваше. Не дозволував институциите на моќта премногу да манипулираат со мојот труд, но тоа имаше своја цена. Бескомпромисната жена-уметник сè уште го плаќа данокот, во целиот свет. Но, сметам дека успеав максимално да ја зачувам својата автономија, а тоа, сепак, многумина го уважуваа и го респектираа. Сепак, треба да се бориме секој ден, ама баш секој ден, не само повремено.

**2. И како ти беше на АКТО? Која беше реакцијата од публиката на твојот перформанс?**

Фестивалот АКТО е како и многубројните други нискобуџетни фестивали во светот; со малку пари и со многу импровизации во организацијата и продукцијата, нешто што повторно го доживеав во Битола. Не ме изненади постсоцијалистичката атмосфера во Центарот за култура во Битола, каде што го изведував мојот перформанс. Тогашниот технички персонал како да беше застанат во некој времеплов, не разбирајќи дека се наоѓаме – тогаш – во 2011 година. Но, копнежот по Македонија (тоа беше моето прво доаѓање) ги избриша сите непријатности на организацијата, а публиката, како последната точка што му дава вредност на перформансот, беше одлична.

**3. За изложбата во Загреб со која го почнуваш одбележувањето на својата 40-годишна кариера изведе перформанс наречен „Ах мои уметници, мои љубовници“ и потоа изјави дека сите мислат дека си имала многу љубовници, а всушност се само тројца. Специфично е дека со сите нив си имала заеднички проекти, почнувајќи со првите перформанси со Жељко Јерман, заедничкиот живот со Владо Мартек или многуте перформанси со Милан Божиќ. Јерман и Мартек се дел од уметничката бунтовничка „Група шестмина“ со кои си тесно врзана на почетоците на својата кариера, а многу често соработуваше и со Том Готовац, за кој по неговата смрт посвети и цела година перформанси.**

**Дали (овие) мажите ти беа „потпора“ во генерално машкиот уметнички свет? Како се снајде?**

Ми се допаѓа неодамнешната изјава на една личност дека на секоја жена, која поседува своја длабока самопочит и свест за својата вредност, не ѝ се потребни дополнителни докажувања помеѓу купиштата мажи. Можеби поради тоа никогаш не сум имала проблематични односи со машкиот свет, бидејќи ги одржував меѓусебните односи, кои се засноваа врз заемното уважување и прифаќање, па од тие причини, многубројните машки познајници и пријатели не ме доживувале како објект за ебење, туку како рамноправна личност. Мојата еротика и сексуалност биле рамноправни со еротиката и сексуалноста на мажите и поради тоа ме обожаваа. Голема поддршка имав од Јерман, кој буквално ме воведе во светот на уметноста и кој ме доживуваше како рамноправен партнер, не само како уметница туку и како личност со која живееше десет години. Во осумдесеттите имаше многу малку жени-уметници, кои работеа како мене, со толку искреност и страст, целосно отворено и без страв. Бев една од првите жени-уметници која почна да го користи сопственото тело, низ еротика и сексуалност и тоа им се допаѓаше на многубројни машки колеги, па имаа голема почит кон мене и се воодушевуваа на мојата храброст. Односот на машките колеги остана таков до ден-денес. Можам да бидам среќна жена.

**4. Во овие 40 години се променија многу работи – не само што не постои една земја – Југославија, која изроди многу посебни ентитети што се борат за самостојно функционирање, туку се појави и светска пандемија што сите нè изолира, правејќи многу работи возможно невозможни.**

**Прво, како гледаш на југословенската продукција од оваа перспектива? Дали си имала проблеми правејќи го она што го правиш? И второ, како гледаш на сегашните можности за продукција? За перформансот „Прошетка како Лејди Годива“ имаш изјавено: „Станува збор за провокација со благородна цел, не провокација заради провокација. Државата работи против културата. Во оваа држава културата е на последно место. Секој паметен човек е против државата“.**

Не беше проблематично да се работи во поранешната држава, Југославија, проблематичен беше односот на официјалната критика за тој вид уметност, во еднаква мерка како и денес, ништо не се променило, како да застанало времето. Во однос на другите држави од Источниот блок, Југославија беше во најдобра положба, бидејќи границите беа отворени и можеше да се патува, што беше особено важно. Проблеми со тогашниот режим можеа да имаат само оние уметници кои беа блиски со владејачките структури. Лично, никогаш не сум имала проблеми во поранешната држава, во смисла на цензура или забрана, бидејќи мојата уметност не загрозуваше ниту еден сегмент на тогашниот режим, освен малограѓанското општество, кое не е сменето во однос на денешното општество. Моето голо тело и понатаму е еднакво провокативно како и пред 40 години, со тоа што моето тело денес е постаро и поинакво и тоа е новата провокација, бидејќи се осмелувам да покажам тело кое веќе не е младо.

Во денешното време на глобалност имам чувство дека дошло до инфлација на уметноста, особено во сферата на технологиите, кои, на некој начин, ја осакатија уметноста и ја избришаа поетиката на страста и романтиката, а активистичките акции ја претворија уметноста во сувопарно нижење факти.

**5. На многу од твоите дела може да се гледа како на провокација (гореспоменатите, но и „Женичка“, „Драга Власта“, „Врзана за дрво“, „Ебењето е тажно“), а често и како протест и бунт против нормативноста и нормализирањето, против стереотипноста и конвенционалноста, против застојувањето и мртвилото во културата („Прошетка како Лејди Година“, „Тројца јавачи на апокалипсата“, „Двајца мажи и една жена“, „Хрватски ремек-дела“, „Барам жена“), а и како ангажираност во „Власта Делимар**

**и Милан Божиќ поминаа една вечер во...“ Но, се чини дека сè уште најголемото табу е голото тело... Како да се враќаме назад, а тоа не можеме да го објасниме зашто. Што мислиш ти? Што зборува сега твоето тело? Дали сè уште има сила да вреска?**

Голото тело, како облик на комуникација, секогаш било интересно, поради тоа што низ еротиката и сексуалноста, како најсилна телесна сензација, а воедно и како најсилен облик на човековата егзистенција и постоење, стануваме слободна личност, која има свест за сопствената вредност. Оние што не можат да дојдат до нивото на самосвест и сопствена вредност, се чувствуваат загрозени, па не се во состојба да го препознаат голото тело како добар и здрав начин на комуникација и се впуштаат во злонамерни и вулгарни критики, прикажувајќи ја, притоа, сета своја неукост и исклучивост.

**6. Многу од твоите перформанси, акции и хепенинзи предизвикале внимание од публиката, а понекогаш и бурни реакции („Барам жена“, „Врзана за дрво“, „На мажите треба да им се верува“) од страна на феминистките, но и од други групи на луѓе, иако се занимаваш и со видеодокументи, фотографии, фотоколажи и инсталации...**

**Зашто го негираш впишувањето на твоите дела под феминизмот и феминистичкиот перформанс? (Не поддржуваш идентификација или припадност на која било идеологија, религија, политичка партија или држава.) Можеш ли да го појасниш тоа? Дали тоа е свесно одбегнување на можеби помодарското феминистичко (себе)етикетирање уште од деведесеттите години?**

Навистина не сакам да се идентификувам со ниту една општествена групација, бидејќи сакам своите мисли, идеи и труд да ги реализирам сосема независно. Апсолутната автономија ми дава поголеми можности и поцелосна реализација. Секоја идеологија или групација бара одредени компромиси и опасности да го загрози поединецот, што мене никако не ми одговара. За сите свои постапки и однесувања сакам да имам сопствена одговорност и не сакам да се кријам зад која било институција или идеологија.

Феминизмот е идеологија што проживеа многубројни трансформации, контроверзии и манипулации, како и сите слични општествени појави и јас не сакам да учествувам во тоа. Мојот феминизам, кој го изградив сама, се разликува од многубројните феминизми. Мојот феминизам, пред сè, се засновува врз дијалогот и уважувањето на другите личности; машки, женски, трансродови и хомосексуални личности, кои постојат како универзални битија на нашиот човечки род.

**7. Имаш изјавено дека аматери се оние уметници кои не живеат од својата уметност и дека тогаш уметноста им е хоби, а професијата им е нешто друго. Како живееш ти? Имаш галерија зад себе, галеријата „Михаела Шток“ од Виена, а имаше и организација „Моја земја, Штаглинец“, преку која го организираше меѓународниот фестивал за перформанс или меѓународна средба на уметници „Антонио Готовац Лауер“, кој се одржувал од 2005 до 2015 година.**

Веројатно имав среќа целиот мој уметнички живот да ми биде самостојна професија, што значи дека живеев исклучиво од сопствениот труд и не работев ништо друго покрај уметноста. Можеби тоа ми се оствари затоа што го одбрав само патот на уметноста и ниту еден друг, при што ми помогна аскетскиот и по малку скромен начин на практикување на секојдневието, како и одредена самодисциплина, која е потребна во духовната надградба.

Меѓународниот перформанс фестивал, кој го водев на сопствениот имот, ми даде дополнителна сила покрај многубројните уметници од

целиот свет, но притоа немаше никаква финансиска добивка за мене, бидејќи таквите фестивали се, главно, нискобуџетни. Тој фестивал го доживував мошне концептуално и тоа ми беше доволно. По секој фестивал бев среќна и премногу изморена, а тоа можат да го знаат само оние што работеле нешто слично.

**8. Психологијата е многу важен сегмент во твоите дела во кои се преиспитуваш себеси, но и другите и односот со другите... а и психијатарот Станислав Матачиќ го има напишано предговорот на каталогот за изложбата „Вина – прераскажување на животот“ во 2004 година.**

**Што дозна за себе и за другите изминативе години? Дали ти е смачено да повторуваш одново и одново дека сите имаме право на свој начин на живот?**

Еден индиски гуру изјави дека светот мора да пости онолку долго додека сите луѓе не стекнат ниво на духовност, да речеме, барем како неговото учење. Според тоа, изгледа дека овој свет, таков каков што е, ќе постои вечно, бидејќи ми се чини дека не постои можност за таква духовна надградба што би го опфатила целото човештво. Затоа морам патетично да изјавам дека ќе продолжиме да живееме во корумпираниот свет и вечно ќе се убиваме меѓусебно и ќе си правиме зло едни на други, а на секој поединец му останува можноста да ги избере оние вредности за кои смета дека се најдобри и во кои се снаоѓа најдобро. Цивилизацијата ни понуди можност за лимитирано зло, но, очигледно, тоа не го сфативме доволно сериозно.

**9. Ја урна куќата-работилница на татко ти, каде што, всушност, десет години се одржуваше меѓународниот фестивал за перформанс во Штаглинец. Што почнуваш одново? Како го доживуваш сето она што си го работела изминативе години?**

На почетокот на 2005 година сакав идејата за трансформација на сопствениот имот во уметнички проект да ја споделам со други уметници, како продолжение на животот на имотот и земјата, која, сè уште, е безвредна. Со доаѓањето на уметниците и меѓународниот перформанс-фестивал, во текот на десетина години, добив нова вредност и тоа ме прави особено горда. „Земјата“ се покажа како универзална алка, заедно со уметноста до преобразба на општеството, која уметниците одлично ја препознаа. Во десетте години на фестивалот ги остварив сите цели што ги замислив; ја вклучив локалната заедница, добив многубројна публика, создадов голема вредност на програмата, како и огромен интерес на уметниците за фестивалот, но не успеав да ја зголемам финансиската поддршка од државата, ниту, пак, да пронајдам други извори. Во 2019 година направив радикална промена. Ја урнав работилницата за јажиња, на Иван Делимар, која ни служеше како галериски простор и ја закопав на имотот. На тој начин се чува закопаната меморија на сите претходни случувања, како голема вкопана вредност, која од длабочината на земјата зрачи нова енергија, за нови уметнички креации. Добив нов комуникациски простор, со нови духовни вредности, кои кореспондираат со новонастанатите креации.

Ова интервју е водено по повод 15 години АКТО Фестивалот за современи уметности и ќе се најде и во публикацијата специјално создадена за таа намена.



*

Изложбата во Скопје е дел од серијата изложби „Четириесет години љубов кон уметноста на Власта Делимар“, со кои Делимар одбележува 40 години од својата уметничка работа преку изложбена турнеја низ градовите на поранешна Југославија каде што работела на почетоците на својата кариера, во доцните 70-ти и 80-ти години на минатиот век. Во тој период била формирана силна уметничка сцена на современа уметност, сцена која на некој начин го формирало нејзиното творештво. Во текот на 2020 година требаше да се одржат изложби во градовите на поранешна Југославија, вклучувајќи ги Љубљана, Загреб, Ријека, Сараево, Цетиње, Нови Сад, Белград, Скопје, сите различни и со различен пристап кон нејзиното творештво. Во ноември 2019 година се одржа првиот настан во Културниот центар Месничка во Загреб, како најава за целиот проект. Тоа е и првиот настан бидејќи пред 40 години, во 1979 година, таа го извела својот прв јавен настан со Жељко Јерман. Потоа следуваше изложба во Загреб, во јануари 2020 година, во ХДЛУ и во Галерија Шкуц во Љубљана, а сега и во Скопје. Сите останати изложби, поради новонастанатата ситуација со светската пандемија, се одложени за 2021 година, кога ќе се произведе и заедничка книга како целина од кураторските и теориските текстови.

*

Власта Делимар (1956 година, Загреб) е една од најпознатите и најзначајните уметнички на денешнината. Таа е една од клучните фигури кои го дефинирале современиот перформанс низ призмата на сопственотот тело како медиум и содржина – женското, голо тело кое и во денешното општество сè уште не престанува да биде точка на контроверзии. Истражувајќи го во своето творештво феминитетот, женско-машките односи и стадиумите на животниот циклус – од младоста и желбата, преку партнерството и мајчинството, па сè до староењето – во јавниот простор изнесува автобиографски наративи што го преиспитуваат разграничувањето помеѓу јавното и приватното и нормативите на политиката на идентитетот. Во 1977 година дипломирала на Факултетот за применета уметност во Загреб. Студирала историја на уметност и етнологија. Членува во Здружението на уметници на Хрватска и Здружението на хонорарни уметници на Хрватска. Делимар е уметничка директорка на организацијата „Мојата земја, Штаглинец" и е организаторка на Меѓународниот фестивал за перформанс во Штаглинец. Таа е бескомпромисна во критиките на идеологиите со кои се занимава во својата уметничка кариера што ја започнала во раните 70-ти години на минатиот век. Добитничка е на наградата „Седум секретари на СКОЈ“ во 1986 година. За себе вели дека не поддржува идентификација или припадност на која било идеологија, религија, политичка партија или држава, а се залага за човековите права, слободата на индивидуалноста, почитувањето на различностите и екологијата. Таа има богата интернационална кариера и досега се претставувала во Белград, Белфаст, Берлин, Болоња, Будимпешта, Бидгошчт, Бафало, Дуизбург, Франкфурт, Женева, Глазгов, Грац, Касел, Клагенфурт, Кјото, Лондон, Лион, Њујорк, Одензе, Париз, Питсбург, Квебек, Прага, Сараево, Сиднеј, Санкт Петербург, Солун, Тел Авив, Токио, Трст, Упсала, Виена, Вајмар, Загреб итн.

Ивана Васева е кураторка и истражувачка на кросдисциплинарни, соработнички и општествено ангажирани дела и програми во современата визуелна уметност. Досега курирала и претставила многу изложби, дискурзивни проекти и различни програми во земјава и во странство и издала и уредила повеќе публикации. За проектот „Оваа зграда зборува (на)вистина“ ја доби престижната награда „Златна Трига“ на Прашкото квадриенале за перформанс, дизајн и простор во 2019 година (кураторка на проектот). За истражувачкиот проект „Колективното делување како политичка, а не организациска одлука“ (2015 година, коавторка) е добитничка на наградата „Ладислав Баришиќ“ на АИКА – Македонија, а е добитничка и на посебната награда за архитектура од Асоцијацијата на архитекти на Македонија (2014 година, коучесничка). Таа е програмска директорка на организацијата Факултет за работи што не се учат (ФР~У) и е кокураторка на АКТО Фестивалот за современи уметности кој постои од 2006 година. Васева дипломирала на Факултетот за историја на уметност при УКИМ во Скопје, а специјализирала кураторство на Кураторската програма на de Appel arts centre во Амстердам, Холандија.

Факултет за работи што не се учат (ФР~У) е организација на културни работници кои функционираат во полињата на едукација и продукција на современи визуелни уметности и култура, со посебен фокус на истражувачката методологија, учеството и колективната акција во различни социополитички и културни контексти. Идејата на ФР~У се однесува на едукативни и на практични структури, содржејќи работи/предмети/часови што предлагаат и истражуваат нови модели на предавање и на учење, како и на инсистирање на принципите на споделување, соработка, самоорганизација и заедничко учење. Формиран е во 2000 година како неформална

платформа на повеќе уметници, студенти на драмски студии, архитектонски студии и визуелни уметности, додека во 2003 година е основана организацијата за продукција на современи уметности и културни настани. Својата форма ја гради на два типа на јавни програми и една платформа:

1. ФР~У ПРОДУКЦИЈА – оваа програма критички ги адресира, преиспитува и истражува прашањата поврзани со модерното визуелно и архитектонско наследство, естетиката и политиките, како и нивните последици во денешниот свет. Се манифестира преку хибридни формати на акција (изложби, перформанси, конференции, дебати, и др.) произведени преку активен дијалог и соработка помеѓу културните работници и интересните групи и индивидуи.

2. ФР~У ЕДУКАЦИЈА – Оваа програма цели кон креирање на отворена и критичка едукативна пракса во земјата што ќе стимулира знаење стекнато преку заеднички напори и размена, наместо лесно стекнато или научено знаење. Една од дискурзивните и едукативни програми за млади уметници, СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК, се фокусира на дијалог, размена на искуства и дебата и преку теорија и пракса, а дел од истата програма е и Наградата за млад визуелен уметник „ДЕНЕС“.

Издаваштвото на книги, брошури и весници е придружна дејност на двете програми.

3. ФР~У ПЛАТФОРМА: АКТО ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ – ФР~У започна да го организира фестивалот АКТО во 2006 година во Битола, по што АКТО се разви во отпорна, силна и контекстуална платформа за промоција и креирање на интердисциплинарни критички програми и концепти. АКТО е фестивал на современи уметности кој се обидува да ги отвори не само темите кои се важни за моменталната социјално- политичка и уметничка реалност туку и да стимулира формати на продукција кои ќе ја ‘размрдаат’ состојбата на *status quo*. Фестивалот се одржува секој август, во Битола, и претставува паралелен настан со субвертирачка и еманципирачка мисија кон настаните што ги организираат локалните општини и културни институции.

Во 2016 и 2017 година, поради разгорените локални проблеми и потреби, АКТО се ребрендираше во ПОП АП АКТО, привремен концепт за креирање на фестивалот во другите градови во Македонија. Покрај Битола, АКТО досега се организирал во Скопје, Тетово, Штип и Кочани, а за својата 15-годишнина во 2020 година се одржа во 7 градови: Битола, Скопје, Велес, Кавадарци, Кочани, Прилеп и Гевгелија.




Продукција: Филип Јовановски, Факултет за работи што не се учат – ФР~У

Лектура на македонски јазик на кураторски текст: Нена Николиќ

Лектура на македонски јазик на интервју: Дејан Василевски

{ Факултет за работи што не се учат }

{ Фaculty of Things That Can't Be Learned }

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Декември, 2020

.